РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-599/4
18.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 11.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев.

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Несрин Сејфула, м-р Билјана Бошњакоски, м-р Тања Лазороска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 19:40 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Трајчев кој поради престој во странство, своето отсуство го најавил на претходната седница.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.02.2025 година.
2. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ од Скопје.
3. Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ од Скопје. Објасни дека актуелниот сопственик на телевизијата не е во можност да го плати годишниот надоместок за дозволата. За да се избегне потенцијално одземање на дозволата за радиодифузна дејност, предложена е промена на сопственоста, имајќи предвид дека постои нов сопственик кој е подготвен да ја преземе обврската за плаќање и телевизијата да продолжи со работа. Информира дека во текот на вчерашниот ден имал состанок со раководителката Магдалена Д. Довлева околу правната основа да се овозможи промена на сопственичката структура. По проверката во Централниот регистар, се утврди дека потенцијалниот нов сопственик е претседател на Хокејарска Федерација на Македонија и се јавува како содружник во Друштвото за трговија и услуги ЦВЕТНА АКАДЕМИЈА ДООЕЛ Скопје. Оттука не се прекршуваат одредбите од ЗААВМУ, односно не се создава недозволена медиумска концентрација.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека известувањето е уредно и комплетно и ги содржи сите податоци согласно Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. Побарано е да истапи сегашниот сопственик физичкото лице Гордана Андреевска, и да пристапи физичкото лице Никола Тасев. Доставени се сите потребни изјави заверени на нотар, со што не се прекршуваат одредбите од Глава 4 од ЗААВМУ, а дополнително, се направи и проверка во Централен Регистар и се констатираше дека физичкото лице кое што е планирано да биде основач на телевизијата, се јавува како овластено лице на Хокејарската Федерација на Македонија и на Друштво за трговија и услуги Цветна Академија. Тоа значи дека не постојат пречки од аспект на ЗААВМУ ова лице да се јави како сопственик на радиодифузер, и од таа причина предлогот до Советот е да се одобри бараната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје е должно да ја спроведе промената во сопственичката структура во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 3 (три) месеци од денот на приемот Одлуката, во спротивно по истекот на наведениот рок, Одлуката нема да произведува правно дејство.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Членот на Комисијата за попис Несрин Сејфула ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека м-р Билјана Бошњакоски која беше претседател на Комисијата за попис во моментот користи боледување и од таа причина таа ќе го презентира Конечниот извештај. Наведе дека Комисијата е формирана со Решение бр.03-5150/1 од 17.12.2024г. која беше задолжена заклучно со 31.12.2024г. да изврши попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските на Агенцијата за 2024-та година. При спроведувањето, Комисијата за попис се придржуваше до одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Упатството за извршување на попис на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно Упатството, Комисијата за попис на 18.12.2024г. изработи План за работа на пописот во 2024 година со кој го утврди календарот за попишување на залихите во магацинот, паричните средства и состојбата на жиро сметките на Агенцијата, на побарувањата од купувачи и обврски кон добавувачи, и за средствата, ситниот инвентар и алат во употреба кај ракувачите на материјалните вредности распоредени на работни места според Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата. Наведе дека Комисијата за попис утврдила: Редовно ажурирање и внос на листите со инвентарни броеви како и други пропишани ознаки при самиот прием на нова опрема, дека одредени артикли немаат видно назначен евиденционен инвентарен број, дека одредени стари инвентарни броеви и други пропишани ознаки се преклопуваат, во текот на вршење на овој попис, Комисијата констатираше случаи каде инвентарниот број се повторува за што и оваа пописна година Комисијата ги запозна вработените за материјално работење од Секторот за финансии и логистика. Наведеното беше констатирано и од страна на назначената комисија за попис во 2023-та година. Согласно на тоа Комисијата за попис предлага: назначување на лице вработено во Агенцијата кое ќе биде одговорно за евиденција и водење на основни средства и опрема во текот на целата календарска година, особено соодветна, навремена евиденција на новите средства, нивно соодветно означување и ставање во листата на основни средства и понатамошна оперативност, редовно ажурирање во софтверот за материјално-финансиско работење со инвентарни броеви при влез на основните средства во Агенцијата, обележување на средствата кои не се во сопственост на Агенцијата (принтери/скенери), со цел комисијата полесно да утврдува за какво основно средство станува збор, средствата кои се отпишани, а се уште се наоѓаат во простории на Агенцијата, да бидат отстранети од објектот, согласно законските одредби или да бидат видно означени со црвени етикети дека истите не се повеќе предмет на тековен попис, да се задолжи Секторот за правни работи и јавни набавки да подготви предлози со предлог одлуки за отпис на долг на деветте комитенти, согласно доставениот предлог од Секторот за финансии и логистика, кои се специфицирани во точка 11 од овој Конечен извештај. Во текот на попишувањето, пребројувањето и прегледувањето, Комисијата за попис ги утврдила следните разлики помеѓу сметководствената состојба и состојбата утврдена со пописот дека: шест канцелариски телефони не се пронајдени

во просториите на Агенцијата и истите се предложени за отпис од страна на Секторот за информатичко општество и општи работи, за двата мобилни телефони пописната комисија поседува документација која Ви е доставена во прилог на овој материјал, исто така, за предметот комбиниран фрижидер поседуваме документација, односно истиот е предаден како отпадна движна ствар од Агенцијата, за кусоците под реден број 9, 10 и 11 не се пронајдени во Агенцијата, поради тоа се предлагаат да се отпишат.

Г-дин Петрушевски истакна дека членовите на Советот ги имаат на располагање пописните листи и сите останати документи, кои претставуваат обемен материјал доставен пред неколку дена. Разјасни дека Советот на Агенцијата по оваа точка гласа за одобрување, директорот да ја донесе одлуката за Конечниот извештај и за пописните листи на предлог на комисијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата, да ја донесе Одлуката за усвојување на Конечниот извештај арх. бр. 01-523/1 од 03.02.2025 год. за извршениот попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, на Агенцијата за 2024 година и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2024 година кои се доставуваат во прилог на Конечниот извештај, и тоа:

- Пописна листа за залихите на материјалите во магацинот, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.3;
- Пописна листа за денарски и девизни средства, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.4;
- Пописна листа на основни средства (опрема и инвентар), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.5;
- Пописна листа за утврдената состојба на постоење средства на други субјекти (туѓи средства), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.6;
- Пописна листа за основни средства кои не се наоѓаат во зградата на Агенцијата, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.7;
- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.8;
- Пописна листа на побарувања и обврски, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.9 и
- Пописна листа на ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.10.

Согласно наведената Одлука, да се изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема, која е приложена кон Конечниот извештај (како Прилог бр. 8), наведена во точка 1 алинеја 6 од Одлуката.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Точка 4

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**